Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Стоматолошки факултет – Скопје

# КНИГА НА АПСТРАКТИ
# BOOK OF ABSTRACTS

Трета летна школа за студенти по стоматологија и млади доктори по дентална медицина

**27 – 30 Мај 2022 година, Охрид**

Third summer school for dental students and young dentists

**27 – 30 May 2022, Ohrid**

# ГЕНЕРАЛЕН ПОКРОВИТЕЛ
# GENERAL SPONSOR

**ПРОФ. Д-Р НИКОЛА ЈАНКУЛОВСКИ**
**РЕКТОР НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ,,СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ**

**PROF. NIKOLA JANKULOVSKI, PHD**
**RECTOR OF THE SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE**

**ПРОФ. Д-Р ЌИРО ИВАНОВСКИ**
**ДЕКАН НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ,,СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

**PROF. KJIRO IVANOVSKI, PHD**
**DEAN OF THE UNIVERSITY SS CYRILL AND METHODIUS IN SKOPJE FACULTY OF DENTISTRY - SKOPJE**



www.stomfak.ukim.edu.mk

Стоматолошки факултет-Скопје

@stomfak.ukim

# ОРГАНИЗАЦИСКИ ОДБОР
# ORGANIZING COMMITTEE

ПРОФ. Д-Р САЊА ПАНЧЕВСКА
ПРОФ. Д-Р СОЊА АПОСТОЛСКА
ПРОФ. Д-Р СИЛВАНА ГЕОРГИЕВА
ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА ЃОРГИЕВСКА
ПРОФ. Д-Р ЛИДИЈА КАНУРКОВА
ПРОФ. Д-Р ВЕСНА КОРУНОСКА - СТЕВКОВСКА
ПРОФ. Д-Р ВАСИЛКА РЕНЏОВА
ПРОФ. Д-Р БОРИС ВЕЛИЧКОВСКИ
ПРОФ. Д-Р МАРИЈА ПЕЕВА - ПЕТРЕСКА
ПРОФ. Д-Р МАЈА ПАНДИЛОВА
ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР ГРЧЕВ
ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА КАПУШЕВСКА
ДОЦ. Д-Р ГОРДАНА АПОСТОЛОВА
Д-Р ВЛАТКО КОКОЛАНСКИ
БОЈАН ПОПОСКИ
МАРТИНА АНАСТАСОВСКА

PROF. SANJA PANCEVSKA, PHD
PROF. SONJA APOSTOLSKA, PHD
PROF. SILVANA GEORGIEVA, PHD
PROF. ELIZABETA GJORGIEVSKA, PHD
PROF. LIDIJA KANURKOVA, PHD
PROF. VESNA KORUNOSKA – STEVKOVSKA, PHD
PROF. VASILKA RENDZHOVA, PHD
PROF. BORIS VELICHKOVSKI, PHD
PROF. MARIJA PEEVA – PETRESKA, PHD
PROF. MAJA PANDILOVA, PHD
PROF. ALEKSANDAR GRCHEV, PHD
PROF. BILJANA KAPUSHEVSKA, PHD
ASST. PROF. GORDANA APOSTOLOVA, PHD
VLATKO KOKOLANSKI, PHD
BOJAN POPOSKI
MARTINA ANASTASOVSKA

# СОДРЖИНА
# AGENDA

01 ОБРАЌАЊЕ НА ДЕКАН НА СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

02 ADDRESSING BY THE DEAN OF THE FACULTY OF DENTISTRY - SKOPJE

03 ОБРАЌАЊЕ НА РЕКТОРОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

04 ADDRESSING BY THE RECTOR OF THE SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE

05 ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ НА СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

06 ADDRESSING BY THE PRESIDENT OF THE FACULTY STUDENT ASSEMBLY OF THE FACULTY OF DENTISTRY - SKOPJE

07 РАБОТИЛНИЦИ

08 PRACTICAL COURSES





## ОБРАЌАЊЕ НА РЕКТОРОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ,,СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ'' ВО СКОПЈЕ

# ПРОФ. Д-Р НИКОЛА ЈАНКУЛОВСКИ

**Почитувани,**

Ми претставува особено задоволство од мое лично име и од името на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, да Ви се обратам на овој свечен настан и да ја отворам Втората летна школа за студентите по стоматологија и млади доктори по дентална медицина која е организирана од страна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје. Како најстар универзитет во нашата држава, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје претставува темел и стожер на образовниот систем, научната работа и културниот развој на нашата земја. Визијата на нашиот универзитет е да прерасне во универзитет со висока меѓународна репутација на полето на образованието и науката, како респектабилен член на семејството на европски универзитети. За таа цел, по моја иницијатива е усвоена Стратегија и Акционен план за работа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Една од поставените цели на Универзитетот е интернационализацијата на наставата и мобилностите преку организирање и учество на студентите во програми и курсеви на летни школи, преку кои истите можат да се стекнат со признаени кредити. Носители на овие активности, помеѓу другите, се и единиците на Универзитетот. Особено ми е драго што Стоматолошкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, ја започна и продолжи да ја негува оваа дополнителна форма на едукација на студентите. Имено, во медицинските науки, во кои спаѓа и стоматологијата, се случуваат постојани и забрзани промени.





Информираноста за тие промени и улогата на истражувањата обврзуваат постојано следење на современите трендови од сите областа на денталната медицина. Тоа е предуслов за иден успешен здравствен работник! Поради тоа, ја поздравувам идејата на наставниците на Стоматолошкиот факултет за организирање на практични курсеви кои освен научно-истражувачки имаат и апликативен карактер.
Стоматолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје има критична улога при унапредувањето на оралното здравје во земјава. Имено, Стоматолошкиот факултет обезбедува современи студиски додипломски и постдипломски програми, истражувачка работа, што пак подразбира, дека нашите студенти – идни доктори по дентална медицина, стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри глобално ќе ја остваруваат основната мисија на нашиот Универзитет.
Значењето и угледот на Факултетот е во нераскинлива врска со квалитетот на студиските програми. За да се одржува тоа високо ниво на едукативните програми неопходно е посветено да се работи на наставната, научно-истражувачката и применувачката дејност. Секако, при тоа, како здравствени работници треба да се водиме од хуманоста и етичноста во извршувањето на јавните обврски.

Почитувани студенти,

Вие студирате на најстариот факултет од областа на стоматологијата во земјата, кој што своето реноме го градел со години и поради тоа Вашата диплома од Факултетот и Универзитет е високо ценета. Знаењата и вештините кои што ги стекнувате на Стоматолошкиот факултет ќе Ви бидат од огромна полза во практикувањето на Вашата благородна професија. Дополнително, со ваквите форми на вонаставни активности, имате можност за стекнување на продлабочени знаења, бидејќи денешните услови наметнуваат вештини како за самостојно, така и за тимско работење, а се во интерес на здравјето на нашите пациенти.

Почитувани,

Како што веќе реков, УКИМ секогаш стои позади вакви иницијативи и со сите свои расположливи капацитети, ги поддржува студентите и наставниот кадар да креираат решенија, да истражуваат, да се натпреваруваат, да придонесуваат во развојот на теоретските знаења и практичните вештини.

**Проф. д-р Никола Јанкуловски**
**Ректор**





## ADDRESSING BY THE RECTOR OF THE SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE

## PROF. NIKOLA JANKULOVSKI, PHD

**Dear colleagues,**

" I am especially pleased to address you in my personal name and in the name of the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje at this solemn event and to open the Second Summer School for students of dentistry and young doctors in dental medicine, which is organized by the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Dentistry - Skopje. As the oldest university in our country, the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje is the foundation and pillar of the educational system, scientific work and cultural development of our country. The vision of our university is to grow into a university with a high international reputation in the field of education and science, as a respectable member of the family of European universities. For that purpose, on my initiative, a Strategy and Action Plan was accepted for the work of the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje. One of the goals of the University is the internationalization of teaching and mobility through the organization and participation of students in programs and courses of summer schools, through which they can obtain recognized credits. Holders of these activities, among others, are the units of the University. I am especially glad that the Faculty of Dentistry in Skopje at the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, started and continued to nurture this additional form of education for students. Namely, in the medical sciences, which includes dentistry, constant and accelerated changes occur.





Awareness of these changes and the role of research require constant monitoring of modern trends in all areas of dental medicine. It is a prerequisite for a future successful health worker! Therefore, I welcome the idea of the teachers at the Faculty of Dentistry to organize practical courses that, in addition to scientific research, also have an applied character. The Faculty of Dentistry at the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje has a critical role in promoting oral health in the country. Namely, the Faculty of Dentistry provides modern undergraduate and postgraduate study programs, research work, which means that our students - future doctors of dental medicine, dental technicians and dental nurses will globally achieve the basic mission of our University. The importance and reputation of the Faculty is inextricably linked to the quality of the study programs. In order to maintain that high level of educational programs, it is necessary to work dedicatedly on teaching, scientific research and application. Of course, as health professionals, we should be guided by humanity and ethics in performing public duties.

Dear students,

You are studying at the oldest dental faculty in the country, which has built its reputation for years and because of that, your degree from the Faculty and University is highly valued. The knowledge and skills you acquire at the Faculty of Dentistry will be of great benefit to you in practicing your noble profession. Additionally, with such forms of extracurricular activities, you have the opportunity to acquire in-depth knowledge, because today's conditions impose skills for both individual and team work, and are in the interest of the health of our patients.

Dear colleagues,

As I have already said, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje always stands behind such initiatives and with all its available capacities, supports the students and the teaching staff to create solutions, to research, to compete, to contribute to the development of theoretical knowledge and practical skills.

**Prof. Nikola Jankulovski, PhD**
**Rector**





ОБРАЌАЊЕ НА ДЕКАНОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ” ВО СКОПЈЕ СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

## ПРОФ. Д-Р ЌИРО ИВАНОВСКИ

**Почитувани колеги,**

Задоволство ми е што можам да ве поздравам од преубавиот Охрид, после тригодишна пауза. Причината за неодржување на вон наставните активности во Охрид Ви се добро познати. Тоа е, пред се, светската пандемија со Ковид-19. Но, за волја на вистината, морам да споменам дека и последниот студентски конгрес, со физичко присуство, го одржавме во Скопје. Се водевме од мислата дека во Скопје, ќе биде многу помасовна посетеноста. Но, мора да признам, дека не сме биле во право. Вистинското место за одржување на Вашите студентски конгреси и летните школи е сепак Охрид или некое преубаво место во нашата држава, каде што освен научните и стручни активности имаме можност и за меѓусебно дружење што секако е неизоставен дел од ваквите манифестации.

Благодарение на поддршката на раководството на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, нашиот Факултет се опреми со голем број на клинички сали и претклинички лаборатории. Со тоа се создадоа сите предуслови за квалитетно едуцирање на современ стоматолог. Но, за да бидете доктори по дентална медицина, конкурентни на пазарот на трудот, потребно е и да се запознаете и полека на навлезете во светот на науката. Можност за тоа се токму вашите научни собири. Во пресрет сме на 28-миот меѓународен студентски конгрес и 3-тата летна школа за студенти по стоматологија и млади доктори по дентална медицина. Ги следам активностите на нашите студенти уште од организирањето на нивниот прв научен конгрес во далечната 1994-та година, па се до денес. Мал е бројот на конгресите на кои што не сум присуствувал.



Затоа, можам да заклучам дека Вашата генерација на студенти на Стоматолошкиот факултет – Скопје, успешно ја продолжува традицијата на организирање и учество на научните конгреси. Но, не само тоа, туку научните конгреси од година во година се се поуспешни и темите кои што ги обработувате ги следат современите трендови на научната мисла во стоматологијата.

**Почитувани колеги,**

За голем дел од Вас, ова ќе биде прв јавен настап, поради што е нормално и очекувано да имате трема. Ние, Вашите наставници сме тука да ве подржиме, да ве охрабриме и секоја дискусија разберете ја само од афирмативен аспект, а не како критика. Затоа, ве охрабрувам, слободно дискутирајте и соочувате ги вашите мислења.

Оваа година, по трет пат се одржува и летната школа за студенти по стоматологија и млади доктори по дентална медицина, која што полека станува традиционална активност на нашиот Факултет. На летната школа ќе имате можност да ги збогатите вашите знаења и практични вештини со учество на работилниците кои што ги изведуваат наши искусни наставници.

Ви посакувам успешно презентирање на Вашите теми, дружење и убави мигови поминати покрај охридското крајбрежје.

**Проф. д-р Ќиро Ивановски**
**Декан**





ADDRESSING BY THE DEAN OF THE UNIVERSITY SS CYRILL AND METHODIUS IN SKOPJE FACULTY OF DENTISTRY - SKOPJE

## PROF. KJIRO IVANOVSKI, PHD

Dear colleagues,

It is my pleasure to be able to greet you from the beautiful Ohrid, after a three-year break. The reasons for not holding of the extracurricular activities in Ohrid are well known to you. It is, above all, the global pandemic with Covid-19. But to be honest, I have to mention that we held the last student congress, with physical attendance, in Skopje. We were guided by the thought that in Skopje, the attendance will be much more massive. But I must admit, that we were wrong. The right place to hold your student congresses and summer schools is still Ohrid or some other beautiful place in our country, where, apart from scientific and professional activities, we also have the opportunity to socialize, which is certainly an indispensable part of such events.

Thanks to the support of the management of the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, our Faculty has been equipped with a large number of clinical rooms and pre-clinical laboratories. This created all the prerequisites for quality education of a modern dentist. But in order to be a doctor of dental medicine, competitive in the labor market, it is also necessary to get to know and slowly enter the world of science. Your scientific meetings are an opportunity for that.

We are on the eve of the 28th International Student Congress and the 3rd Summer School for Dental Students and Young Doctors of dental medicine. I have been following the activities of our students since the organization of their first scientific congress in the distant 1994, until today. The number of

congresses I have not attended is small. Therefore, I can conclude that your generation of students at the Faculty of Dentistry - Skopje, successfully continues the tradition of organizing and participating in scientific congresses. But not only that, but the scientific congresses are becoming more successful from year to year and the topics you cover follow the modern trends of scientific thought in dentistry.



Dear colleagues,

For a large part of you, this will be your first public performance, which is why it is normal and expected to have stage fright. We, your teachers, are here to support you and to encourage you, and we wis you to accept every discussion only as a form of affirmative aspect, not as criticism. So I encourage you, feel free to discuss and voice your opinions.

This year, for the third time, the Summer School for Students of Dentistry and Young Doctors of Dental Medicine is being held, which is slowly becoming a traditional activity of our Faculty. At the summer school, you will have the opportunity to enrich your knowledge and practical skills by participating in workshops conducted by our experienced teachers.

I wish you a successful presentation of your topics, socializing and beautiful moments spent along the Ohrid coast.

**Prof. Kjiro Ivanovski, PhD**
**Dean**






## ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ НА СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

## МАРТИНА АНАСТАСОВСКА

**Почитувани професори, почитувани колеги, почитувани присутни,**

**Како претседател на факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје, ми претставува осебана чест и задоволство да Ви посакам топло добредојде на 28миот Интернационален Стоматолошки студентски конгрес и 3тата летна школа за студенти по Стоматологија и млади доктори по дентална медицина.**
**Особено сум среќна што после подолг временски период повторно сме тука, со физичко присуство и ја продолжуваме долгогодишната традиција со уште еден успешен Интернационален Стоматолошки студентскии конгрес и летна школа за студенти по стоматологија и млади доктори по денталлна медицина.**
**По тој повод сакам да се заблагодарам на деканот, продеканите како и сите професори и студенти кои несебично се вложија со нови идеи и допридонесоа за реализација на денешниот настан, кој ќе биде погодна основа за нашето понатамошно напредување и градење на идната професија.**
**Сигурна сум дека овие три дена преку успешните истражувања на колегите и работилници кои интерферираат со оние светските, ќе научиме многу нови работи, и ќе бидеме мотивација за помладите колеги да и тие во иднина ја продолжат оваа традиција.**

**Ќе ја искористам оваа прилика да се заблагодарам и на нашите спонзори Интердентал ДООЕЛ за поддршка на овој настан.**
**Ви посакувам успешни работни сесии и денови исполнети со многу дружба!**

**Мартина Анастасовска**
**Претседател на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет – Скопје**






## ADDRESSING BY THE PRESIDENT OF THE FACULTY STUDENT ASSEMBLY OF THE FACULTY OF DENTISTRY - SKOPJE

# MARTINA ANASTASOVSKA

**Dear professors, respected colleagues, respected attendees,**

**"As the president of the faculty student assembly of the Faculty of Dentistry - Skopje, it is my great honor and pleasure to wish you a warm welcome to the 28th International Dental Student Congress and the 3rd summer school for students of Dentistry and young doctors of dental medicine.**

**I am especially happy that after a long period of time we are here again, with a physical presence and continue the long-standing tradition with another successful International Dental Student Congress and summer school for dental students and young doctors of dental medicine.**

**On that occasion, I would like to thank the dean, the vice-deans as well as all the professors and students who selflessly invested in new ideas and contributed to the realization of today's event, which will be a suitable basis for our further advancement and building of the future profession.**

**I am sure that during these three days, through the successful research of colleagues and workshops that interfere with those of the world, we will learn many new things, and we will be motivation for younger colleagues to continue this tradition in the future.**

**I will use this opportunity to thank our sponsors Interdental DOOEL for supporting this event.**

**I wish you successful work sessions and days filled with lots of fun!**

**Martina Anastasovska**

**President of the Faculty Student Assembly of the Faculty of Dentistry - Skopje**

# РАБОТИЛНИЦИ



01

## ПРИМЕНА НА ИНФИЛТРАТИВНИ ТЕРМИНАЛНИ АНЕСТЕЗИИ ВО СОВРЕМЕНАТА ДЕНТАЛНА ПРАКСА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за орална хирургија

02

## МАШИНСКА ИНСТРУМЕНТАЦИЈА НА КОРЕНСКИТЕ КАНАЛИ – ЛЕСНО И ЕДНОСТАВНО

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за болести на забите и ендодонтот

03

## ПРИМЕНА НА ЛАСЕР ТЕРАПИЈАТА ВО ПАРОДОНТОЛОГИЈА И ОРАЛНА МЕДИЦИНА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за болести на устата и пародонтот

04

## iTOP РАБОТИЛНИЦА

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за болести на устата и пародонтот Interdental DOOEL

05

## ПРИНЦИПИ НА ОРАЛНОХИРУРШКИ СУТУРИ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за орална хирургија

06

## ПРИНЦИП НА ЕКСТРАКЦИЈА СО СЕПАРАЦИЈА НА ПОВЕЌЕКОРЕНИ ЗАБИ (АТИПИЧНИ ЕКСТРАКЦИИ)

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за орална хирургија

# PRACTICAL COURSES



## 01

### APPLICATION OF INFILTRATIVE TERMINAL ANESTHESIA IN MODERN DENTAL PRACTICE

Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Faculty of Dentistry – Skopje Department of Oral Surgery

## 02

### ENGINE DRIVEN INSTRUMENTATION OF THE ROOT CANALS - EASY AND SIMPLE

Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Faculty of Dentistry – Skopje Department of Dental and Endodontium Diseasesт

## 03

### APPLICATION OF LASER THERAPY IN PERIODONTOLOGY AND ORAL MEDICINE

Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Faculty of Dentistry – Skopje Department of Oral and Periodontal Diseases

## 04

### iTOP РАБОТИЛНИЦА

Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Faculty of Dentistry – Skopje Department of Oral and Periodontal Diseases
Interdental DOOEL

## 05

### PRINCIPLES OF ORAL SURGERY SUTURES

Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Faculty of Dentistry – Skopje Department of Oral Surgery

## 06

### PRINCIPE OF EXTRACTION WITH SEPARATION OF MULTIROOTED TEETH (ATYPICAL EXTRACTIONS)

Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Faculty of Dentistry – Skopje Department of Oral Surgery

# ПРИМЕНА НА ИНФИЛТРАТИВНИ ТЕРМИНАЛНИ АНЕСТЕЗИИ ВО СОВРЕМЕНАТА ДЕНТАЛНА ПРАКСА

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за орална хирургија**

**РАКОВОДИТЕЛ**

**ПРОФ. Д-Р МАРИНА КАЦАРСКА**

## ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

**Во теоретскиот дел беа разработени и подоробно објаснети индикациите, контраиндикациите, техниките и начинот на изведување на терминалните анестезии: интракутана, супкутана, интрамукозна и субмукозна анестезија.**

## ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

**Во практичниот дел од курсот, на учесниците им беа демонстрирани техниките на терминалните анестезии, по што тие самостојно ги изведоа истите на анимален модел.**

# APPLICATION OF INFILTRATIVE TERMINAL ANESTHESIA IN MODERN DENTAL PRACTICE

Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Faculty of Dentistry – Skopje Department of Oral Surgery

TUTOR

PROF. MARINA KACARSKA, PhD

## THEORETIC PART

In the theoretic part, were elaborated and further explained the indications, techiques and way of application of the therminal anesthesia: intracutaneous, subcutaneous, intramucose and submucose anesthesia.

## PRACTICAL PART

In the practical part of the course, to the paricipants it was demonstrated the techiques of applying therminal anesthesia, afterwards they practiced it on an animal model.



# ГАЛЕРИЈА ОД РАБОТИЛНИЦАТА









# МАШИНСКА ИНСТРУМЕНТАЦИЈА НА КОРЕНСКИТЕ КАНАЛИ – ЛЕСНО И ЕДНОСТАВНО

Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за болести на забите и ендодонтот

РАКОВОДИТЕЛ

ПРОФ. Д-Р СОЊА АПОСТОЛСКА

## ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

**Во теоретскиот дел, учесниците беа запознаени со основниот концепт на машинска инструментација, неговата примена во секојдневната клиничка пракса, основите на 3Д инструментацијата, машинските ендодонтски инструменти, нивната едноставна примена, методологија и секвенци на работа, предностите на овие инструменти, секојдневните проблеми и предизвици во ендодонцијата, како и можните решенија на овие проблеми.**

## ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

**Во практичниот дел од курсот, секој учесник имаше можност индивидуално, со ендомотор, да ги примени стекнатите вештини, на специјално дизајнирани ендо-блокови и екстрахирани заби.**



# ENGINE DRIVEN INSTRUMENTATION OF THE ROOT CANALS - EASY AND SIMPLE

Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Faculty of Dentistry – Skopje Department of Dental and Endodontium Diseasesт

TUTOR

PROF. SONJA APOSTOLSKA, PhD

## THEORETIC PART

In the theoretic part, the participants got familiar with the basic concept of an engine instrumentation, its usage in everyday clinical practice, the basics of 3D instrumentation, engine endodontic instruments, their basic usage, methodology and working sequences, the advantages of these instruments, everyday problems and challenges in endodontics and also their possible solutions.

## PRACTICAL PART

In the practical part of this course, every participant had a chance individualy, with endomotor, to use the learned skills on special designed endoblocks and extracted teeth.



# ГАЛЕРИЈА ОД РАБОТИЛНИЦАТА


















# ПРИМЕНА НА ЛАСЕР ТЕРАПИЈАТА ВО ПАРОДОНТОЛОГИЈА И ОРАЛНА МЕДИЦИНА

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за болести на устата и пародонтот**

**РАКОВОДИТЕЛ**

**ПРОФ. Д-Р СНЕЖАНА ПЕШЕВСКА**

## ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

Во теоретскиот дел, учесниците беа запознаени со базичните принципи на примена на ласер терапијата на оралните ткива, клиничките индикации и контраиндикации, изборот на ласерските перформанси при одредени индикации, како и правилата за безбедност при изведба на терапијата.

## ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

Во практичниот дел од курсот, секој учесник имаше можност да ја совлада вештината на безбедно ракување со ласерската единица на модел, како и изборот на соодветните модалитети и делови за изведба на тераписката процедура и правилното тераписко постапување при одделни индикации од областа на пародонтологијата и оралната медицина.



# APPLICATION OF LASER THERAPY IN PERIODONTOLOGY AND ORAL MEDICINE

Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Faculty of Dentistry – Skopje Department of Oral and Periodontal Diseases

TUTOR

PROF. SNEZANA PESEVSKA, PhD

## THEORETIC PART

In the theoretical part, participants got familiar with the basic principals of using a LASER therapy on oral tissues, clinical indications and contraindications, the choise of the LASER performances while using certain indications and the safety principles while performing the therapy.

## PRACTICAL PART

In the practical part of the course, every participant had a chance to master the skill of safe working with LASER on a model, the selection of the appropriate modalities and parts for the performance of the therapeutic procedure and the proper therapeutic handling of sertain indications from parodontology and oral medicine.



# ГАЛЕРИЈА ОД РАБОТИЛНИЦАТА













# iTOP РАБОТИЛНИЦА

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за болести на устата и пародонтот и Интердентал ДООЕЛ Скопје**

**ПРЕДАВАЧИ:**
Д-Р КАТЕРИНА ГАВРИЛОВИЌ, ПРОФ. Д-Р ЕМИЛИЈА СТЕФАНОВСКА, ПРОФ. Д-Р МЕРИ ПАВЛЕСКА

**ИНСТРУКТОРИ:**
ПРОФ. Д-Р СНЕЖАНА ПЕШЕВСКА, ПРОФ. Д-Р МИРА ЈАНКУЛОВСКА, ВИШ НАУЧ. СОР. Д-Р СОЊА МИНДОВА, ПРОФ. Д-Р ЕМИЛИЈА СТЕФАНОВСКА, ПРОФ. Д-Р СТЕВИЦА РИСТОСКА, ПРОФ Д-Р МЕРИ ПАВЛЕСКА

## ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

Биологијата на денталниот биофилм, неговото значење и акцентирање на најновите сознанија за значењето во патогенезата на пародонталните нарушувања и кариесот се дел од оваа работилница. Карактеристиките на мануелните четки за орална хигиена, како и начините за одредување на вистинските средства за отстранување на биофилмот од интерденталните предели се неодминлив дел, кој е надополнет и со краток осврт на средствата за хемиска плак контрола.

## ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

Во првиот дел од овој сегмент ќе биде посветено внимание на совладување на мерење на интерденталните предели, одредување на соодветните четкички за истите и правилното одржување на оралната хигиена по пат на принципот TOUCH TO TEACH, кај секој учесник одделно.
Вториот дел е посветен на совладување на вештината на индивидуален пристап при одржување на оралната хигиена со мануелната четкичка кај секој учесник индивидуално, како и примената на соодветна техника при употреба со соло четката за орална хигиена.

## ЦЕЛ НА РАБОТИЛНИЦА И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Учесниците да стекнат знаења за значењето на правилниот избор на основните и помошни средства за одржување на оралната хигиена, и да се оспособат за прилагодување на техниката на четкање на забите и изборот и примена на средствата за орална хигиена во интерденталните предели, кај секој пациент во зависност од состојбата на дентицијата на пациентот и индивидуалните карактеристики.

# iTOP

Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Faculty of Dentistry – Skopje Department of Oral and Periodontal Diseases and Interdental DOOEL

**LECTURERS:**
D-R KATERINA GAVRILOVIKJ, PROF. EMILIJA STEFANOVSKA LEVESKA PhD, PROF. MERI PAVLESKA PhD

**INSTRUCTORS:**
PROF.SNEZANA PESHEVSKA, PhD, PROF. MIRA JANKULOVSKA, PhD, SENIOR RESEARCH ASSOCIATE SONJA MINDOVA, PhD, PROF. EMILIJA STEFANOVSKA LEVESKA PhD, PROF. STEVICA RISTOSKA, PhD, PROF. MERI PAVLESKA, PhD

## THEORETIC PART

The biology of the dental biofilm, its meaning and emphasis on the latest knowledge about the significance in the pathogenesis of periodontal disorders and caries, are part of this workshop. The characteristics of the manual dental brushes for dental hygiene and the ways of determining the real products for biofilm removal from the interdental areas, are necessarry part, filled with a brief overview of chemical plaque control products.

## PRACTICAL PART

In the first part of this segment, we have dedicated separate attention on mastering the measuring of interdental areas, finding the correct dental brushes for them and the correct maintaining of oral hygiene in the way of TOUCH TO TEACH priciples on every participant individualy.

The second part of this segment is made for mastering the techniques of individual access while maintaining oral hygiene with manual dental brushes for every participant individualy, also using proper techiques with solo dental brush for oral hygiene.

## GOAL OF THE WORKSHOP AND EXPEXTED RESULTS

Learning the meaning of the exact selection of the basic and helpful products for maintaining oral hygiene and training the participants to adapt the technique of brushing teeth, the selection and application of oral hygiene products in the interdental areas in each patient depending on the state of the patient's dentition and individual characteristics.

# ГАЛЕРИЈА ОД РАБОТИЛНИЦАТА


















# ПРИНЦИПИ НА ОРАЛНОХИРУРШКИ СУТУРИ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за орална хирургија

РАКОВОДИТЕЛ

ПРОФ. Д-Р ДАНИЕЛА ВЕЛЕСКА-СТЕВКОВСКА

## ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

Во теоретскиот дел, учесниците беа запознаени со хируршкиот сет за сутура, различните видови на атрауматски конци и материјали за сутура, степенот на ресорпција на истите (ресорптивни и нересорптивни сутури), индикациите за поставување на сутурите како и базичните техники на сутурирање (едноставна поединечна сутура, стабилизациона сутура – X сутура). Учесниците исто така беа запознаени и со некои напредни техники на сутури, како што се продолжените сутури и нивните варијации, но и техниката душек (мадрац) шев: хоризонтален и вертикален.

## ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

Во практичниот дел од курсот, секој учесник имаше можност да ги подобри своите практични способности и да постави различни видови на сутури на анимални модели, кои најдобро го имитираат реалното хируршко поле.



# PRINCIPLES OF ORAL SURGERY SUTURES

Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Faculty of Dentistry – Skopje Department of Oral Surgery

TUTOR

PROF. DANIELA VELESKA-STEVKOVSKA, PhD

## THEORETIC PART

In the theoretic part, participants got educated with surgery set for suture, different types of atraumatic stiches and materials for suture, the degree of their resorption (resorptable and nonresorptable sutures), indications for applying sutures and the basic techniques of suturing (simple individual suture, stabilizational suture- X suture). The participants were aquainted with some of the more complicated suturing technicues, such as extended surute and their variations, as well as the techique matress suture: horizontal and vertical.

## PRACTICAL PART

In the practical part of the course, every participant had a chance to better his practical abilities and apply different types of sutures on an animal models, which best imitate the real surgical spot.



# ГАЛЕРИЈА ОД РАБОТИЛНИЦАТА



















# ПРИНЦИП НА ЕКСТРАКЦИЈА СО СЕПАРАЦИЈА НА ПОВЕЌЕКОРЕНИ ЗАБИ (АТИПИЧНИ ЕКСТРАКЦИИ)

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје Катедра за орална хирургија

**РАКОВОДИТЕЛ**

**ДОЦ. Д-Р ГОРДАНА АПОСТОЛОВА**

## ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

Во теоретскиот дел, учесниците беа запознаени со вештините за атипична екстракција на повеќекорени заби во амбулантски услови, со користење на клешти, полуги, насадни инструменти и борери. Исто така, учесниците ги освежија своите познавања од анатомија на заби, инструменти за екстракција, принципи на типична и атипична екстракција, како и локални компликации по екстракција на заби.

## ПРАКТИЧЕН ДЕЛ

Во практичниот дел од курсот, секој учесник имаше пред себе модел (екстрахиран заб, соодветно обработен и дезинфициран, фиксиран во калап од оптозил) на кој беше изведена екстракцијата со помош на наведените инструменти. Фрактурираните повеќекорени заби беа сепарирани со помош на микромотор, на кој беа поставени округол и фисурен карбиден борер. Сепарираните корени беа поеидначно екстрахирани со помош на клешти или полуги.



# PRINCIPE OF EXTRACTION WITH SEPARATION OF MULTIROOTED TEETH (ATYPICAL EXTRACTIONS)

Ss. Cyril and Methodius University in Skopje Faculty of Dentistry – Skopje Department of Oral Surgery

TUTOR

ASST. PROF. GORDANA APOSTOLOVA, PhD

## THEORETIC PART

In the theoretical part, the participants were met with the skills of atypical extraction of multirooted teeth in ambulatory conditions with using extracting forceps, dental elevators, dental handpieces and dental burrs. Also, the participants revised the knowledge of teeth anatomy, instruments for extraction, principles of typical and nontypical extraction and local complications after teeth extraction.

## PRACTICAL PART

In the practical part of the course, every participant had himself a model (extraxted tooth, appropriately processed and dezinfected, fixated in an opthosyl mold) on which was performed the extraxtion with the help of furtherwritten instruments. Fracturated multirooted teeth were separated with the help of a micromotor, on which were attached circular and fissural carbid burr. The separated roots were individualy extracted with extracting forceps and dental elevators.



# ГАЛЕРИЈА ОД РАБОТИЛНИЦАТА





















2022

# КОНТАКТ
# CONTACT


**Стоматолошки факултет - Скопје**
ул. Мајка Тереза бр. 43, 1000 Скопје
Р. Северна Македонија
Тел/ факс: +389 (02) 3115-647
E-mail: sfs@stomfak.ukim.edu.mk


scan me!

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје**

University Ss Cyrill and Methodius in Skopje